**КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ**
Број: 0204-2628 /1
03.05.2018 година
С к о п ј е

Врз основа на член 55 ст.2 и член 56 ст. 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл.Весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 33 од Законот за извршување на санкциите ("Сл. весник на РМ" бр. 02/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15 и 11/16) а во врска со член 37 и 38 од Правилникот за куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите ("Службен весник на РМ" бр. 101/2011), Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје на ден 03.05.2018 година ја донесе следната

# НАРЕДБА
## за начинот и постапување при прием на пратките за притворените лица

**1**. Лицата кои ја издржуваат мерката притвор во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје можат да примаат пакети од неговото потесно семејство (татко, мајка, брат, сестра, сопруг или сопруга и полнолетни деца), лице кое има добиено дозвола од надлежен суд да донесе пакет како и неговиот бранител, **СО ТЕЖИНА НА ПРАТКАТА ДО МАКСИМУМ 5 КГ**, со прехранбени производи, облека, обувки, постелнина или нужен прибор за лична хигиена, за пратките кои лично се донесени на пријавницата на установата **СЕКОЈ РАБОТЕН ДЕН (ОД ПОНЕДЕЛНИК ДО ПЕТОК) ВО ПЕРИОД ОД 09:00 до 15:00 часот, додека пакетите пратени по пошта се примаат секој работен ден.**

**2.** Приемот на пратката **се врши исклучиво во погоре наведениот временски термин,** освен во случаи кога пратката содржи само лекови и медицински помагала, неопходни за здравјето на притвореното лице.

**3. Притвореното лице може да прими храна кога истата е индустриски спакувана со декларација во пластична амбалажа, а не подготвена во домашни услови, спакувана во тетрапак, стаклена амбалажа или лимена амбалажа**.

**4**. Притвореното лице кое ќе прими пакет по пошта, нема да може да прими пакет донесен на пријавницата во ист работен ден.

**5.** Пакетите пред да бидат врачени на притвореното лице се прегледуваат од страна на службено лице, припадник на затворска полиција, во присуство на доносителот на пратката и заедно со доносителот го потпишуваат пописот на содржината, а притвореното лице го потпишува овој попис при превземањето на пакетот.

**6.** Пакетите пратени по пошта кои не се во согласност со наредбата ќе бидат вратени на трошок на доставувачот.

**7. Содржината на пакет која нема да биде примена од страна на припадници на затворска полиција од објективни причини (недозволена тежина и недозволени предмети), членовите на потесните семејства на притворените лица се должни да ја вратат назад со себе. Секоја пратка која ќе биде пронајдена во кругот на установата, а за која не е извршен официјален прием нема да му биде предадена на притвореното лица и за истата установата не сноси никаква одговорност.**

**8.** Со ова Наредба да се запознаат припадниците на затворска полиција, како и членовите на потесните семејства на притворените лица со нејзино истакнување на огласна табла и на други соодветни места.

**9.** Наредбата стапува во сила веднаш по нејзиното донесување.

**10.** Непочитување на оваа Наредба од страна на припадниците на затворска полиција повлекува дисциплинска одговорност.

**Директор,**
**ЃОКО КОТЕВСКИ**